# ТЕМАТСКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ПОМОШ

Помошта може, како што е соодветно, да се однесува на **следните тематски приоритети:**

(а) **усогласеност со начелото за добра јавна администрација и добро економско управување.** Интервенциите во оваа област имаат за цел: зајакнување на јавната администрација, вклучувајќи професионализација и деполитизација на државната служба, вградување меритократски начела и обезбедување соодветни административни постапки; зголемување на капацитетот за зајакнување на макроекономската стабилност и поддршка на напредокот за да стане и функционална пазарна економија и поконкурентна економија; поддршка на учеството во мултилатерален механизам на фискален надзор на Унијата и систематска соработка со меѓународни финансиски институции за основите на економската политика, како и за зајакнување на управувањето со јавните финансии.

(б) **утврдување и промовирање на соодветното функционирање на институциите, во рана фаза, неопходно за да се обезбеди владеење на правото.** Интервенциите во оваа област имаат за цел: утврдување на независни, одговорни и ефикасни судски системи, вклучувајќи транспарентни и заслужени вработувања, системи за оценување и унапредување и ефикасни дисциплински постапки во случаи на престапи; обезбедување на утврдувањето на силни системи за заштита на границите, за управување со миграциските текови и обезбедување азил на тие што им е потребен; развој на ефикасни алатки за спречување и борба против организиран криминал и корупција; промовирање и заштита на човекови права, права на лица кои припаѓаат на малцински заедници- вклучувајќи ги Ромите како и лезбијки, геј, бисексуалци, трансродови и интерсексуалци- и основни слободи, вклучувајќи слобода на медиумите.

(в) **Зајакнување на капацитетите на организациите на граѓанското општество и организациите на социјалните партнери, вклучувајќи стручни здруженија,** кај корисниците наведени во Анекс I кон Регулативата за ИПА II и поттикнување на вмрежување на сите нивоа помеѓу организациите засновани на Унијата и оние на корисниците наведени во Анекс I кон Регулативата за ИПА II, овозможувајќи им да се вклучат во ефикасен дијалог со јавни и приватни актери.

(г) **Инвестиции во образование, вештини и доживотно учење.** Интервенциите во оваа област ќе имаат за цел: промовирање на еднаков пристап до квалитетно претшколско, основно и средно образование; намалување на случаи на рано напуштање на училиште; приспособување на системите на стручно образование и обука (СОО) со барањата на пазарот на работна сила; подобрување на квалитетот и важноста на високото образование; зголемување на пристапот до доживотното учење и поддршка на инвестициите во инфраструктурата на образование и обука; особено со цел да се намали територијалната нееднаквост и да се унапреди несегрегирано образование.

(д) **Унапредување на вработувањето и поддршка на мобилноста на работната сила.** Интервенциите во оваа област ќе имаат за цел: одржлива интеграција во пазарот на трудот на млади лица што не се во работен однос, не учат и не се обучуваат (НЕЕТ), вклучувајќи преку мерки со кои се стимулираат инвестиции во квалитетно создавање работни места; поддршка на интеграцијата на невработените лица; и поттикнување на поголемо учество во пазарот на трудот на сите групи кои не се застапени во доволна мера. Други клучни области на интервенција се поддршка на родовата еднаквост, приспособување на работниците и претпријатијата за промени, утврдување на одржлив социјален дијалог и модернизација и зајакнување на институциите на пазарот на трудот.

(ѓ) **Промовирање на социјална инклузија и борба против сиромаштија**. Интервенциите во оваа област имаат за цел: интегрирање на маргинализираните заедници како што се Ромите; борба против дискриминацијата врз основа на пол, расно или етничко потекло, религија или уверување, инвалидитет, возраст или сексуална ориентација; како и зголемување на пристапот кон достапни, одржливи и висококвалитетни услуги, како што се здравствена грижа и социјални услуги од општ интерес, вклучувајќи преку модернизација на системите за социјална заштита.

(е) **Промовирање на одржлив транспорт и отстранување на тесни грла во клучните мрежни инфраструктури, особено со инвестирање во проекти со висока европска додадена вредност.** Идентификуваните инвестиции треба да бидат приоритет во согласност со нивниот придонес кон мобилноста, одржливоста, намалените емисии на стакленички гас, релевантност за врски со земјите-членки и кохерентност со Единствената европска транспортна област.

(ж) **Подобрување на средината на приватниот сектор и конкурентноста на претпријатијата,** вклучувајќи паметна специјализација, како клучни двигатели за развој, создавање работни места и кохезија. Приоритет им се дава на проекти кои го подобруваат деловното опкружување.

(з) **Зајакнување на истражувањето, технолошкиот развој и иновации, особено преку подобрување на истражувачката инфраструктура,** поволна средина и промовирање на вмрежувањето и соработката.

(ѕ) **Придонесување за безбедноста и сигурноста на снабдувањето со храна** и одржување на разновидни и изводливи земјоделски системи во динамичните рурални заедници и селата.

(и) **Зголемување на способноста на земјоделско - прехранбениот сектор** за **справување со конкурентниот притисок** и пазарните сили како и способноста постепено да се усогласи со правилата и стандардите на Унијата, додека извршуваат економски, социјални и еколошки цели во рамномерен територијален развој на рурални области.

(ј) **Заштита и подобрување на квалитетот на животната средина, придонесувајќи за намалување на емисии на стакленички гас, зголемување на отпорноста на климатски промени и промовирање на управувањето и информирање со климатска акција.** Финансирањето на ИПА II промовира политики за поддршка на промената кон економија која е поефикасна во поглед на ресурси, безбедна и одржлива нискојаглеродна економија.

(к) **Промовирање на мерки за помирување, градење на мир и градење на доверба.**

## Тематски приоритети за помош за територијална соработка

**Помошта за прекугранична соработка** може, како што е соодветно, да упатува кон следните тематски приоритети:

(а) **Унапредување на вработувањето, мобилноста на работната сила и социјалната и културна инклузија преку границите**, меѓу другото, преку: интегрирање на прекуграничните пазари на работна сила, вклучувајќи прекугранична мобилност; заеднички локални иницијативи за вработување; информативни и советодавни услуги и заедничка обука; родова еднаквост; еднакви можности; интеграција на имигрантски заедници и ранливи групи; инвестиција во јавни служби за вработување; и поддршка на инвестиции во јавното здравство и социјални услуги;

(б) **Заштита на животната средина и подобрување на приспособувањето и ублажување на климатските промени,** заштита од ризик и управување со него, меѓу другото, преку: заеднички акции за заштита на животната средина; промовирање на одржлива употреба на природни ресурси, ефикасност на ресурсите, обновливи енергетски извори и промена кон безбедна и нискојаглеродна економија; промовирање на инвестиции за решавање на одредени ризици, обезбедување отпорност кон несреќи и развивање на системи за управување со несреќи и подготвеност за итни случаи;

(в) **Промовирање на одржлив транспорт и подобрување на јавната инфраструктура**, меѓу другото, со намалување на изолацијата преку подобрен пристап кон мрежите и услугите за транспорт, информации и комуникација и инвестирање во прекугранични системи и погони за вода, отпад и енергија;

(г) **Поттикнување на туризам и културно и природно наследство**;

(д) **Инвестирање во младите, образованието и вештините**, меѓу другото, преку развој и спроведување на заедничко образование, стручна обука, програми за обуки и инфраструктура за поддршка на заеднички активности на младите;

(ѓ) **Промовирање на локално и регионално управување** и зголемување на планирањето и административниот капацитет на локалните и регионалните власти;

(е) **Зголемување на конкурентноста, деловното опкружување и развојот на мали и средни претпријатија,** трговијата и инвестициите, меѓу другото, преку промовирање и поддршка на претприемништвото, особено на мали и средни претпријатија и развој на локални прекугранични пазари и интернационализација;

(ж) **Зајакнување на истражувањето, технолошкиот развој, иновациите и информатичко-комуникациската технологија**, меѓу другото, преку промовирање и споделување на човечките ресурси и капацитети за истражување и технолошки развој.